Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Наука за јазикот и литература творење и изразување**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Правописни правила*** ***Употреба на интерпункциските знаци*** ***Употреба на голема буква*** *(точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, наводници)* | Правилно ги користи интерпункциските знаци: **точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, наводници** во писмената комуникација. Правилно користи **голема буква** на секој дел кај сопствените именки; **голема почетна буква** само на прввиот дел од називот и на други составни делови ако претставуваат имиња | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата** <br> Учениците ја пополнуваат мисловната мапа за правопис со цел да се повтори наученото за правописните правила. <br>   <br> Учениците ги презентираат мисловните мапи <br> **Главни активности – искуствено учење** <br> Во главниот дел наставникот дава насоки за пишување на писмената работа: | - Техники на учење <br> -Наставни листови <br> -Библиотека во училницата и училишна библиотека | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; <br> - поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот; <br> - Усната презентација <br> - Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ✓ Пишување ракописно, кирилица, јасно и уредено без повторување во изразувањето<br>✓ Текстот да биде напишан во пасуси: вовед, главен, завршен дел и визуелно да се изделени во пасуси. Секој пасус започнува во нов ред, вовлечен, да се забележува како целина или (како што имаме кажано да се остават два прста!)<br>✓ Главниот дел во може да содржи и повеќе пасуси<br>✓ Писмената работа започнува со вовед кој треба да започне со општи податоци во врска со темата и полека да води до главната идеја. Воведот треба да биде напишан во една до две реченици и го навестува дејството во текстот.<br>✓ Речениците се јасни, сликовити, без повторување во изразувањето<br>✓ Да се внимава на правописните правила<br>➢ Наставникот им укажува на учениците да внимаваат на грешките кои најчесто ги прават во пишувањето на текстови (оставање празни редови меѓу деловите на композицијата, обезвучување на крајот на зборовите, едначење по звучност, слеано и разделно пишување на зборови, делење на зборовите од еден во друг ред, надреден знак, неправилна интерпункција, голема буква, долги и нејасни реченици, повторување исти зборови, неправилна композиција на текстот изоставен вовед, главен и завршен дел) | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот претходниот час им задала на учениците домашна работа, да подготват текстови на зададени теми:<br>• Мојот најомилен лик од книга<br>• Личноста која ме воодушевува со своите постапки<br>• Битола најубава си во сите четири годишни времиња<br>• Зошто дождот така убаво мириса<br>• Снегот ми предизвикува радост<br>Учениците ги презентираат своите состави<br>Наставникот прегледува дел од текстовите и дава своја оценка и видување за текстовите.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се дискутира за содржината на текстовите.<br>Наставникот дава свое видување колку ученикот дал одговор на темата, стилска обогатеност на речениците, на зборовите, јазични и правописни грешки.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1),,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДЕКЕМВРИ

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : • Литература и изразување и творер** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Опишување** *(лик, предмет, појава, пејзаж, настан)* | Користи **опишување** при самостојно составување текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот им дава соодветни упатства на учениците за користење на тетратката за писмени работи уредно пишување, примена на правописните правила, збогатување на речениците. Композиција на текстовите, правилна употреба на интерпункциските знаци, правилна употреба на голема буква<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците пишуваат состав на зададена тема во тетратки за писмена работа (*Опишување лик, предмет, појава, пејзаж, настан)*, внимаваат на воведен дел, главен и завршен дел, правопис, големи букви, интерпункциски и правописни знаци/<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги предаваат тетратките и листите за самооценување кај наставникот и наставникот им ги дава на учениците на некои од наредните часови со повратна информација | - Тетратки за писмена работа<br>-Листи за самоооценување(техника семафор) | • практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови<br>• Листи за самоооценување(техника семафор) |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
Име и презиме_____________________
<table>
<tr><td>☺<br>😐<br>☹</td><td>Применувам интерпункциски и правописни знаци</td></tr>
<tr><td>☺<br>😐<br>☹</td><td>Правилно пишувам голема буква на почеток на реченици, кај сопствените именки, директен говор</td></tr>
<tr><td>☺<br>😐<br>☹</td><td>Самостојно умеам да ги поделам деловите на композицијата на текстот (вовед, главен , завршен дел)</td></tr>
<tr><td>☺<br>😐<br>☹</td><td>Самостојно можам да напишам текст користејќи опишување</td></tr>
</table>
Рефлексија<br><br>
Се води дискусија по следните прашања:<br>
1) Што правевме денес?“,<br>
2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>
3) „Што научивте?“<br>
4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“.
</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морфологија Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките** ((*описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)* | Ги препознава **описните придавки,** го објаснува нивното значење и ги применува во усна и писмена комуникација. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците играат игра- *Погоди што е, Погоди кој е.* Учениците, поделени во групи, запишуваат еден предмет, едно животно или едно растение и неколку придавки кои ги опишуваат. Потоа ги кажуваат само придавките (една по друга), а учениците од другите групи го погодуваат предметот/животното/растението преку нив.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Преку насочувачки прашања од наставникот се открива целта на часот: Со какви видови на зборови ги опишувавте животните, растенијата, предметите? Какви се тие зборови со кои се опишуваат именките?<br>*Придавки се зборови со кои се кажуваат особините на суштествата, предметите и појавите. Овие зборови ги појаснуваат именките. Какво е нештото? Од што е направено? Чие е нештото?<br>Наставникот ја презентира мисловната мапа за придавки и видови придавки која ќе се надополнува во текот на наредните часови за придавки.<br>*Придавките според значењето се: описни, бројни, заменски и односни<br>*Односните придавки се: (присвојни и материјални) | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- слика<br>-наставни листови<br>- шеми и прикази за наставниот материјал :мисловни мапи<br>-илустрации<br>- Граматика на македонскиот јазик | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- Практични вежби (читање, пишување); |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br><br>Учениците добиваат илустрации како мотивација да направат описи на нешта, предмети кои ќе ги селектираат од илустрацијата.<br><br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците ги презентираат пред паралелката своите описи за илустрациите. Секој ученик посебно го образложува значењето на **описните придавки** кои ги користел/а.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Морфологија Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките**<br>*((описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)* | Правилно ги користи формите на **граматичките категории на придавките** во усното и во писменото изразување | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците им задава реченици во кои ќе треба покрај именките во речениците да допишат придавки. (Целта на оваа вежба е учениците самостојно да ја согледаат поврзаноста на родот и бројот на именката со родот и бројот на придавката;)<br>1. Во излогот од продавницата видов чевли.<br>2. Јас и Ива пешачиме по падините на Баба Планина и собираме отпадоци.<br>3. Дедо Ристе од пазарот носеше торба со зеленчук<br>4. Во градината на Илија се собираа птици кои создаваа музика што ги опиваше сетилата.<br>5. На натпреварот во салата победија тимовите од училиштата во општината.<br>Учениците ги презентираат речениците се изведуваат заклучоци дека придавките не се употребуваат самостојно. Се употребуваат со | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-техники на учење<br>- шеми и прикази за наставниот материјал : мисловни мапи<br>- Граматика на македонскиот јазик | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- Практични вежби (читање, пишување);<br>- Игровна активност |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | именките и од нив ги примаат граматичките категории: род, број и определеност<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Се дополнува мисловната мапа од минатиот час во делот (граматички категории на придавките)<br><br><br>Учениците учествуваат во игровна активност *„Погоди го предметот и опиши го“*, во парови. Секој ученик треба да замисли еден предмет кој се наоѓа во училницата. Потоа, секој ученик на лист хартија треба да напише три придавки кои го објаснуваат замислениот предмет (на пример, ако ученикот го замислил зборот „врата“ може да ги напише придавките: дрвена, бела, голема). Потоа учениците си ги менуваат листовите и секој треба врз основа на напишаните придавки да го погоди замислениот предмет на своето другарче. Парот добива поен тогаш, кога и двајцата ученици од парот ќе го погодат зборот на своето другарче и ќе ги кажат граматичките категории на придавките кои се употребени за описот на зборот/ именката | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за граматичките категори на придавките<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br><br>1),,Што правевме денес?"<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?",<br>3) „Што научивте?"<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?". | | |

resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДЕКЕМВРИ

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Епика во проза**<br>**Расказ**<br>**(***раскажувач, видови на раскажувачи, раскажување, тема, мотив, лик, време, простор, идеја)* | Ги открива и опишува **елементите во даден расказ** (раскажувач, ликови, содржина, тема, време, простор, идеја). | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на поставени прашања размислуваат и ја запишуваат Мрежа на темата за расказ<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист во кој има: расказ (,,Небесните убавици и сонцето“) од Ц. Андреевски. Во наставниот лист дадени се прашања во врска со тоа дали дадениот текст: раскажува, претставува или изразува и преку прашања да ги откријат елементите на прозниот текст<br>1. Преку кого се дознава содржината на расказот?<br>2. Колку настани се раскажани во текстот?<br>3. Раскажувачот во овој текст настаните ги раскажува како сведок во нив или како настани што му се раскажани?<br>4. Кој друг литературен род е застапен во текстот. Посочи го.<br>5. Опиши каква невеста сакала Сонцето.<br>6. Колку ликови има во расказот?<br>7. Наведи ги ликовите во расказот. | - Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал<br>-наставен лист<br>-Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-Текстови<br>-Наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- изработките/<br>-практичните изведби (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 8. Што го инспирирало писателот да го напише расказот?<br>9. Определи ја темата на расказот.<br>10. Подели го текстот на логички целини и за секоја целина напиши наслов (една реченица)<br>имаат задача да го одредат родот кај именките<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се дискутира и се презентираат одговорите. Се отвора дискусија за карактеристиките на прозен текст (раскажувањето, описи, настани, ликови, должина на раскажувањето)<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | интерпретации на литературни текстови,.); |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДЕКЕМВРИ

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Самостојно пишување текстови** *(композиција: вовед, главен дел, завршен дел; креативно пишување, дневник)* | Ги **почитува правописните правила** при пишување текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се повторува за правописни правила преку насочувачки прашања од наставникот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во парови. Добиваат наставен лист во кој има здебелени зборови (со најчести грешки во писмените работи кои наставникот ги увидел во писмените состави на учениците). Задачата е да ги променат зборовите со нови зборови или изрази со што би го збогатиле текстот и би дале креативни решенија<br>*(Поправка на писмената работа*<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот текстот си го проверуваат од аспект на примена на правописни правила и се изведуваат заклучоците за правописни правила и најчести грешки при пишување текст<br>Рефлексија<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“ | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Библиотека во училницата<br>-Училишна библиотека<br>-Правопис на македонскиот јазик | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- изработките/ практичните изведби (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | литературни текстови,.); |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морфологија**<br>**Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките**<br>*(описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)* | Правилно ги користи формите за **членување** на придавките во согласност со членувањето на именките. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Повторување за придавки -мисловна мапа**.**<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>• Наставникот на таблата запишува две реченици, учениците ги споредуваат примерите и согледуваат од што зависи определеноста, односно членот на придавките<br>1. Сончевите зраци сè повеќе ја осветлуваа просторијата.<br>2. Зраците сончеви сè повеќе ја осветлуваа просторијата.<br>Се изведуваат заклучоците за граматичката категорија и се дополнува мисловната мапа од претходниот час<br><br><br>*Во составот од именка и придавка (сончевите зраци, зраците сончеви) се членува првиот збор. Придавките се членуваат со истите членски наставки како и именките. Неправилно е да се членуваат и именката и придавката во еден состав. (на пр.: сончевите зрацитe...) | - Техники на учење<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал: мисловна мапа<br>- Граматика на македонскиот јазик<br>-Текст | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-домашни задачи<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.); |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Учениците поделени во групи добиваат текстови во кои ги подвлекуваат именките и ги одредуваат граматичките категории род, број и определеност. Потоа за секоја именка пишуваат по неколку придавки и составуваат реченица. Учениците ги презентираат своите текстови, се води дискусија за напишаното.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат своите одговор. Откако ќе завршат со активноста, групите даваат сопствени коментари во однос на поврзаноста на определеноста кај придавките и именките во дадените примери<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1),,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морфологија Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките** *(описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)* | Образува смисловни и граматички правилни состави од именка и придавка/придавки | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот им задава на учениците вежба со цел активирање на предзнаењата на учениците<br>*Материјалните именки претворете ги во материјални придавки и состави реченици со секоја од нив.<br>песок волна метал свила памук сребро злато гума стакло<br>Учениците заклучуваат дека и од именките се образуваат придавки.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>• Учениците добиваат задача да издвојат придавка и именка од краток текст и самостојно да ја согледаат поврзаноста на родот и бројот на именката со родот и бројот на придавката;<br>• Учениците добиваат на наставен лист краток текст со содржина која е поврзана со некои од содржините по другите предмети. Ги пронаоѓаат именките во текстот, а потоа за нив смислуваат придавки со кои ќе образуваат смисловно и **граматички** | - Техники<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Граматика на македонскиот јазик<br>- техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-Наставни листови<br>-текстови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашни задачи<br>- анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.); |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **правилни состави од именка и придавка/придавки**.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги запишуваат примерите и ги презентираат пред соучениците (пример: џемпер – црвен, волнен, тесен, широк, мал, голем, убав);<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за следење на постигањата на учениците од литература и изразување и творење** | Го анализира, проценува и подобрува и применува сопственото учење од стандардите за програмското подрачје литература и изразување и творење | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите. Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците<br>Наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од литература и изразување и творење. Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови<br>Тестови на знења | Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>• Одговори дадени во наставни листови;<br>• Практични вежби (читање, пишување);<br>• Домашни задачи;<br>• Одговори на квизови или тестови. |

resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДЕКЕМВРИ

Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морфологија**<br>**Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките**<br>*(описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)* | Правилно образува **компаратив и суперлатив на придавките** и ги применува правописните правила во однос на степенувањето | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците, поделени во групи, користат Гугл мапи (Google Maps) за да го идентификуваат растојанието меѓу своето населено место и други пет града во државата. Врз основа на добиените информации составуваат реченици во кои ја споредуваат должината на патот од своето место до другите, користејќи ги следните придавки: подолг – пократок пат и најкус – најдолг пат. (Пример: Патот Прилеп – Скопје е пократок од патот Битола – Скопје. Најдолг е патот Битола – Гевгелија.).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Се открива целта на часот<br>*****_Кога лицата и предметите се споредуваат меѓу себе според тоа колку е застапена некоја особеност, велиме дека тие се степенуваат. Тоа значи дека во секој елемент што се споредува, особеноста е застапена со различен степен._<br>1. Наставникот ја објаснува наставната содржина преку презентација<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2014/02/blog-post_12.html<br>2. Учениците ја дополнуваат мисловната мапа од претходните часови за придавки<br> | Апликации<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Граматика на македонскиот јазик<br>- техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-Софтверски апликации-google maps<br>-наставни листови | • Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>• Одговори дадени во наставни листови;<br>• Практични вежби (читање, пишување);<br>• Домашни задачи;<br>• Одговори на квизови или тестови. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. Наставникот им задава наставен лист на учениците во кои ќе треба да ги споредат дадените предмети/суштества според дадени својства<br><br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедно со наставникот, учениците заклучуваат дека се степенуваат описните придавки и дека кај истите се разликуваат два форми за степен (компаратив и суперлатив) претставени преку претставките по- и нај- кои се пишуваат заедно/слеано со основната форма на придавката.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) ,,Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ</td></tr>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Морфологија<br>Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките<br>(описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)</td>
<td>Правилно образува компаратив и суперлатив на придавките и ги применува правописните правила во однос на степенувањето</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Наставникот на таблата има истакнато табела со придавки во основната форма позитив -учениците треба да ја пополнат табелата во останатите две колони (да ги степенуваат придавките)
<table>
<tr><th>придавка</th><th>компаратив</th><th>суперлатив</th></tr>
<tr><td>голем</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>ладна</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>бел</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>стар</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>вкусно</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>добра</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>шарен</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>весело</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>срееќен</td><td></td><td></td></tr>
</table>
Учениците ги презентираат одговорите и се води дискусија со цел да се повтори наученото за придавки<br>Главни активности – искуствено учење<br>1. Учениците се застанати во круг. Си подаваат топче. Оној кој го има топчето кажува именка и го фрла топчето кон некој од кругот, тој кој го добива топчето кажува придавка и го подава топчето пак, третиот ја степенува придавката<br>2. Учениците во групи работат на наставен лист во кој е зададен текст ,,Јаренца“ од Бошко Смаќоски. Учениците имаат задача од текстот да ги пронајдат придавките и да ги распоредат во табела (Позитив, компаратив, суперлатив)</td>
<td>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>-Техники на учење<br>-картички<br>-Игровна активност (топче)<br>-наставни листови</td>
<td>усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>- граматички анализи на текст</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

## ЈАРЕНЦА

Откога ни се родија три бели, весели, нескротливи јаренца, нашиот двор ни стана поубав, поширок, пораскошен. Трите јаренца како три грутки снег скокаа, де пред лозницата, де пред портата, де сред дворот, око да не ти се дели од нив. Беа силни, ненаситни за игра, та не ги видов да мируваат. Наутро ги пуштавме кај мајка им да им се нарадува, да се нацицаат, а потоа цел ден играа во дворот.

Љубичици посини од небо им берев и им ги давав. Листенца од врба им берев, ги диплев, ги нижев на стебленце и така нанижани им ги давав. За нивната убавина, за нивната белина и за нивната разиграност цел ден можев да ви кажувам и пак ништо да не ви кажам.

Од нив целиот двор ни мирисаше на пресно млеко, а од нивната топлина побрзо расцутуваа овошките во нашиот двор.

Тие три јаренца никогаш не пораснаа. Останаа најмили и најнемирни во моите сеќавања за нашиот двор и пролетта озвучена со нивното меко врескање. Трите јаренца не пораснаа, затоа што едно утро им ги продадоа на едни луѓе.

Подоцна, кога на син ми и ќерка ми ќе им речев – јаренце едно – некако навредено ме гледаа, зашто ги споредував со животинче. Не знаеја дека ги споредувам со она најнежно и најчисто што сум го зачувал од моето сиромашно детство. Не велам дека пред нив не сум се радувал на други, можеби биле поубави и поразиграни од нив, но тие трите се родија токму онаа пролет кога почнав најмногу да помнам.



Подоцна, можеби, сме имале и други јариња, но срцето ми го имаа зафатено оние, трите.

Бошко Смаќоски

| ПРИДАВКИ | | |
|---|---|---|
| ПОЗИТИВ (основна форма) | КОМПАРАТИВ (по-) | СУПЕРЛАТИВ (нај-) |
| | | |

**Завршна активност – извлекување заклучок**

Групите ги презентираат одговорите, и заедно ги коментираат и ги согледуваат карактеристиките во однос на степенувањето.

**Рефлексија**

Се води дискусија по следните прашања:

1) ,,Што правевме денес?“,

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2) ,,Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за следење на постигањата на учениците од морфологија(придавки) (***описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)* | Го анализира, проценува и подобрува своето знаење од стандардите морфологија (придавки) | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја пополнуваат мисловната мапа за придавки со цел да се повтори сè што учениците научиле за придавките<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Игровна активност<br>ЗАМОК НА ПРИДАВКИ<br>Играта може да ја играат двајца или повеќе играчи. Потребни се фигури за секој играч и една коцка за играње.<br>Правила на играта се: Секој играч ја фрла коцката за играње и ја поместува според својата фигура на онолку места колку што покажал бројот на коцката. Ако на полето има слика, тогаш играчот | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори :мисловна мапа<br>-техники на учење,<br>-игровна активност (фигури, коцка за играње) | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
треба да постапи според барањата што одговараат на бројот во тоа поле.<br>
За секој точен одговор играчот добива еден поен. Победник во групата е играчот со најмногу поени.<br>

<br>
Завршна активност – извлекување заклучок<br>
Победниците ги презентираат одговорите.<br>
Заедничко вреднување на одговорите (под водство на наставникот) според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од морфологија (придавки). Оценување и проверка на одговорите<br>
<br>
Рефлексија<br>
<br>
Се води дискусија по следните прашања:<br>
1) ,,Што правевме денес?“,<br>
2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>
3) „Што научивте?“
</td>
<td></td>
<td>
- игровна активност (замок на придавки)<br>
-практични вежби ,читање, пишување
</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4) „Како може наученото да го користиме секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДЕКЕМВРИ

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза Расказ** *(раскажувач, видови на раскажувачи, раскажување, тема, мотив, лик, време, простор, идеја)* | Издвојува клучни и непознати зборови во даден расказ и прави кратки белешки. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја пополнуваат мисловната мапа за расказ<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива различен расказ и групите имаат задача да го прочитаат дадениот расказ и да ги издвојат клучните и непознатите зборови. Потоа групите добиваат по три картички на кои треба да направат кратки белешки поврзани со издвоените зборови. | -Техники на учење<br>- Ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори :мисловна мапа<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Текстови<br>- Картички | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-презентација на добиени податоци од истражување во групи<br>-анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Картичките се презентираат пред паралелката и се разговара за истите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.); |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | Часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност*) | Новинарски текстови со непристрасно и балансирано мислење на определени теми | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист со десетина тврдења за кои треба да означат дали укажуваат на факти или на мислења, според тоа дали може да се докаже дека се вистинити или не. (Примери за факти: На кучето му треба храна за да може да 24 преживее. – Езерата и планините нудат можност за рекреација. – Сладоледот се прави во различни вкусови. Примери за мислења: Кучето е најверен пријател на човекот. – Одењето на плажа е позабавно од качувањето по планини. – Најубав е сладоледот со чоколаден вкус.) По усогласувањето на точните одговори, преку дискусија се заклучува дека фактите може да се проверат и да се докаже дека се вистинити и дека се непристрасни (не поддржуваат едно гледиште)<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот користи еден од текстовите што изразуваат мислење за да укаже што значи непристрасно (објективно) и балансирано новинарско известување. Во некои од текстовите новинарите ја презентираат информацијата на објективен начин), додека мислењата одразуваат гледишта и верувања за | Техничка опрема во училницата<br>Компјутер<br>Видео бим<br>Смарт табла<br>Картички<br>Текстови<br>Е-весници<br>Интернет портали<br>Аудио средства<br>Визуелни средства | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>домашните задачи; ;<br>есејските прашања;<br>-рефлексивни дневници;<br>интерпретации на текстови<br>- изработките/ практичните изведби<br>-презентација на добиени податоци од истражување во групи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | определени работи и затоа се субјективни и пристрасни. Потоа, секоја група добива по еден текст со задача да го претвори во пристрасен и небалансиран текст.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Потоа групите ги читаат „новите“ текстови и на крај се дискутира кои се последиците од пристрасно и небалансирано известување и зошто е важно сите новинарски написи да ги следат барањата за непристрасно и балансирано известување.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за следење на постигањата на учениците од наука за јазикот и комуникација елементи и видови** | Го анализира, проценува , подобрува и применува сопственото учење од стандардите од наука за јазикот и комуникација – елементи и видови | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите. Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците<br>Наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од наука за јазикот комуникација (елементи и видови). Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови<br>Тестови на знења | -Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>• Одговори дадени во наставни листови;<br>• Практични вежби (читање, пишување);<br>• Домашни задачи;<br>• Одговори на квизови или тестови. |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изразување и творење**<br>**Раскажување и прераскажување**<br>*(расказ, роман, филм, настан)* | Прераскажува содржина на гледан **филм** (усмено и писмено), почитувајќи го редоследот на настаните во филмот. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот претходно им дал задача на учениците да го гледаат дома филмот ,,Божиќна приказна“. Се дискутира за содржината на филмот, ликовите, нивните постапки, идејата и пораката на филмот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците имаат задача да го прераскажат гледаниот филм почитувајќи го редоследот на настаните во филмот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот се чита и се дискутира за содржината на текстовите. Наставникот дава свое видување колку ученикот дал одговор на темата, стилска обогатеност на речениците, редоследот на настаните .<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Техничка опрема во училницата<br>Видео бим<br>Аудио-визуелни средства | -Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>-придонес во извлекување на заклучоците;<br>-рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови |

resursi.literatura.mk